Бр./Nr. 12-2697/2
04-11-2026
_____г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 41-та седница одржана на 30.10.2026 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Пријавата заведена под бр. 12-2697/1 од 31.08.2026 година, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконска сеча на шума од страна на две физички лица во село ----------, Општина ----------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување од причина што за пријавените дејствија друг орган е надлежен да постапува.

Пријавата да се достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи и Министерството за животна средина и просторно планирање.

Предметот со бр. 12-2697/1 од 31.08.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 31.08.2026 година, поднесена е пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконска масовна сеча на шума од страна на две лица: ---------- и ---------- во село ---------- во Општина ----------.
Во пријавата се наведува дека горенаведените дејствија претставуваат директно прекршување на меѓународните договори и домашната законска рамка, како и дека истите дејствија претставуваат кривични дела кои се инкриминирани со

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Кривичниот Законик на РСМ. Подносителот на пријавата смета дека се работи за сериозни наводи за сомневање и бара постапување и вклучување на сите надлежни органи за да се провери дали сечата се извршува врз основа на издадена дозвола, дали ангажираните лица за сеча се пријавени во Агенцијата за вработување на РСМ и дали истите имаат лична заштитна опрема, дали оствареният профит од сечата се пријавувал во УЈП и др.

По разгледување на наводите од пријавата, ДКСК констатира дека пријавените дејствија не се во надлежност на нејзино надлежно постапување и за истите друг орган е надлежен да постапува. Имајќи предвид дека подносителот на пријавата бара вршење на итен инспекциски надзор за предметниот случај пријавата ќе се достави на натамошно надлежно постапување до Министерството за внатрешни работи и Министерството за животна средина и просторно планирање.

Имајќи го предвид констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN TE KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar